20252584979

# СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА САНКЦИИТЕ

Се прогласува Законот за изменување на Законот за извршување на санкциите,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 17 декември 2025 година.

Бр. 08-7172/1
17 декември 2025 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Гордана Сиљановска Давкова,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
**Африм Гаши,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА САНКЦИИТЕ

Член 1

Во Законот за извршување на санкциите („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 99/19, 220/19, 236/22 и 74/24), членот 268 се менува и гласи:

„(1) Правосилната одлука со која е изречена казната забрана на управување со моторно возило, надлежниот суд што ја донел одлуката во рок од 15 дена од денот на правосилноста, ја доставува на извршување до Министерството за внатрешни работи.

(2)Извршувањето на казната од ставот (1) на овој член, се спроведува од страна на Министерството за внатрешни работи со запишување во евиденција и известување на осудениот.

(3) Известување на осудениот за денот на отпочнување на забраната се врши на начин и под услови утврден во согласност со Законот за прекршоците.

(4) Изречената казна забрана на управување со моторно возило се запишува во казнената евиденција.“.

Член 2

Членот 394 се менува и гласи:

„(1) Правосилната одлука со која е изречена санкцијата престанок на важење на возачка дозвола, надлежниот суд што ја донел одлуката во рок од 15 дена од денот на правосилноста на одлуката ја доставува на извршување до Министерството за внатрешни работи.

(2) Извршувањето на санкцијата од ставот (1) на овој член се спроведува од страна на Министерството за внатрешни работи со запишување на престанокот на важењето на возачката дозвола од определен вид или категорија во евиденција и известување на осудениот, при што осудениот не може да започне со постапка за полагање на возачки испит од истата категорија согласно со одредбите од Законот за прекршоците.

(3) Известување на осудениот за денот на започнување на престанокот се врши на начин и под услови утврден во согласност со Законот за прекршоците.

(4) Изречената санкција престанок на важење на возачка дозвола се запишува во прекршочна евиденција.“.

Член 3

Членот 395 се менува и гласи:

„(1) Правосилната одлука со која е изречена санкцијата забрана на управување со моторно возило, надлежниот суд што ја донел одлуката во рок од 15 дена од денот на правосилноста на одлуката ја доставува на извршување до Министерството за внатрешни работи.

(2) Извршувањето на санкцијата од ставот (1) на овој член се спроведува од страна на Министерството за внатрешни работи со запишување во евиденција и известување на осудениот.

(3) Известување на осудениот за денот на започнување на забраната се врши на начин и под услови утврден во согласност со Законот за прекршоците.

(4) Изречената санкција забрана на управување со моторно возило се запишува во прекршочна евиденција.

(5) Ако санкцијата од ставот (1) на овој член му биде изречена на лице кое има странска дозвола за управување со моторно возило, оваа санкција опфаќа забрана на управување со моторно возило на територијата на Република Северна Македонија, за што се известува граничната полиција заради извршување на забраната.“.

Член 4

Членот 396 се брише.

Член 5

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе започне да се применува од 1 февруари 2026 година.